Туристичка Агенција ТУРИСТ
ул. Крали Марко бр.16 / Битола
Телефон:+389 47 202 777 / Факс: + 389 47 202 776
Моб: +389 70 202 777
Број за итни случаи: +389 70 307 999
mail: turist@turist.com.mk
web: www.turist.com.mk

TOURIST
Your partner in travel

Тоскана ја сметаат за најубавиот дел од Апенинскиот Полуостров поради нејзините 120 заштитени зони со бајковита природа а најмногу поради градовите со исклучителна архитектура, меѓу кои најпознати се Фиренца, Пиза, Сиена, Сан Џимињано и Лука
Со величествената Фиренца, својата престолнина и најпознатиот симбол, Тоскана е колевка на ренесансата, на нејзиното тло од 14-16 век се раѓале нови филозофски и научни мисли, а на основите на античката култура се создале врвни книжевни, сликарски и вајарски градетелски дека кои влијаеле на уметничкиот и општествениот препород на многу европски земји. Тука престојувале најславните уметници на тоа време: Данте, Петрарка, Бокача, Фра Анџелија, Ботичели, Микеланџело, Леонардо да Винчи…

**Прв ден 17.04.2025 (четврток) Скопје – Италија**
Состанок на групата околу 11:00ч. на дрводекор. Поаѓање за Италија во 11:30ч. Патување преку Србија, Хрватска и Словенија, со попатни паузи за одмор, пасошка и царинска контрола. Ноќно возење.

**Втор ден 18.04.2025 (петок) Болоња**
Попатно посета на Болоња (пристигнување во зависност од попатните околности) и следува пешачки разглед на градот. Ќе имате можност да се запознаете со универзитетска Болоња – величествен средновековен град со ренесансни палати и аркади, замоците “близнаци“, плоштадот Маџоре, палатата на кралот Енца, базиликата на Свети Петрони, фонтаната Нептун… За Болоња важат епитетите – учена, црвена и дебела. Учена бидејќи тука е основан првиот Универзитет во Европа, црвена поради бојата на фасадите и крововите и дебела поради својата богата кујна. По разгледот и кратката пауза (вкупно 2-3 часа), следува поаѓање за Монтекатини. Сместување во хотел и слободно време за одмор. Во вечерните часови организирана прошетка низ Монтекатини. Ноќевање.

**Трет ден 19.04.2025 (сабота) Cinque Terre - Пиза**
Појадок. После појадкот заминување на целодневна посета до најпознатите и најживописни селца на Италијанската ривиера. Разглед на регионот со водич. Пристигнување во градот La Spezia од каде се продолжува со воз. Cinque Terre е област лоцирана на Лигурското крајбрежје сочинета од 5 селца: Monterosso al Mare, Vernazza, Corniglia, Manarola и Riomaggiore, кои со околните планини го сочинуваат Националниот парк Cinque Terre. Овој дел од Италијанската ривиера е еден од најпознатите и живописен туристички центар. Враќање во La Spezia.
Потоа се упатуваме кон Пиза, град на бреговите на Тосканската ривиера, некогашна моќна поморска сила чијашто флота скоро 150 години била најголемата сила на Средоземното море. Посета на центарот на градот каде се сместени трите обележја на овој град: Piazza Dei Miracoli, Катедралата Duomo, крстилиницата San Giovanni, Кривата Кула (која вооедно е и

најпознатата кула во Италија), Campo Santo (Стари гробишта). Слободно време за индивидуална прошетка. Поаѓање за Монтекатини. Ноќевање.

**Четврт ден 20.04.2025 (недела) Сиена – Сан Џимињано**
Појадок. После појадокот заминување на целодневен излет во градовите Сиена и Сан Џимињано. Пристигнување во Сиена, градот кој низ историјата претставувал најголем ривал на Фиренца и втор по важност во Тоскана по богатата ризница на уметничко и културно наследство. Разглед на градот: црквата San Domenico, Катедралата Siena –Metropolitana di Sandra Maria Assunta, PallazoSalimbeniи Piazza Salimbeniи плоштадот Del Campo – плоштад во облик на школка на кој се одржува познатата коњска трка Palio. Слободно време за прошетка до поаѓањето за Сан Џимињано. Пристигнување во San Gimignano, типично тосканско градче опкружено со винови насади и маслинови градини. “San Gimignanodala belle Tore” во кој е добро сочуван амбиентот од XIIIи XIV век, и 14-те кули кои прават една целина на ова живописно мало тосканско градче. Слободно време за индивидуална прошетка. Враќање во Монтекатини. Слободна вечер. Ноќевање.

**Петти ден 21.04.2025 (понеделник) Фиренца – Македонија**
Појадок. После појадокот, заминување за Фиренца, лоцирана во срцето на Тоскана на реката Арно, својот подем го доживува за време на моќната Фамилијата Медичи кои владееле од XIV- XVII век, кои се познати како големи мецени на уметноста и културата, потикнувачи на ренесансниот период. Разглед на градот со локален водич: Палатата Векио, Катедралата Дел Фиори, Крстилницата Сан Џовани, Плоштадот Сињори, Галеријата Уфици, Мостот Понте Векио, Црквата Санта Кроче, Палатата Пити…Во попладневните часови поаѓање за Скопје. Ноќно возење преку Словенија, Хрватска и Србија со попантни паузи за одмор, пасошка и царинска контрола.

**Шести ден 22.04.2025 (вторник) – Македонија**
Пристигнување во Македонија во попладневните часови.

**Промо цена** 189 € по лице со задолжителна резервација на пакет факултативи по цена од 120 € (редовна цена 130 €), се плаќаат во автобус,
**Редовна цена** на аранжманот: 229 €

*Аранжманот е од туристички карактер со цел да се посетат сите предвидени места во програмата

Туристичка Агенција ТУРИСТ
ул. Крали Марко бр.16 / Битола
Телефон:+389 47 202 777 / Факс: + 389 47 202 776
Моб: +389 70 202 777
Број за итни случаи: +389 70 307 999

mail: turist@turist.com.mk
web: www.turist.com.mk

**Цената на аранжманот вклучува:**
3 ноќевања во хотел 3* со појадок во Монтекатини, Lido Di Camiore или областа
Автобуски превоз на дадената релација
Бесплатен трансфер од Битола, Прилеп, Црна Река (Сирково) и Велес
Посета на Болоња
Организација со професионален туристички придружник на патувањето

**Цената на аранжманот не вклучува:**
Посета на Сиена и Сан Џимињано (трансфер, водич) – 50€
Целодневен излет на Cinque Terre (трансфер, CinqueTerre card – воз до 5-те места, користење на wi-fi, трансфер од железничка до центар на Ла Специја, водич) и посета на Пиза – 50€
Посета на Фиренца – 30€ **задолжителна факултатива**
Туристичка такса (10€ за вкупниот престој, се плаќа во автобус)
Патничко здравствено осигурување 300ден
Индивидуални трошоци (влезници за објекти…)

**Доплати:**
За еднокреветна соба се доплаќа дополнителни 70% од аранжманот
Дете до 11,99 со двајца возрасни плаќа 80% од аранжманот
Во случај на еден возрасен и едно дете до 11,99г детето плаќа 100%

**НАПОМЕНИ:**
За реализација на аранжманот потребен е миниум од 40 патници во спротивно организаторот може да ја откаже турата до пет дена пред тргнувањето
За резервација задолжителна е уплата од 30% доплата најдоцна 10 дена пред поаѓање
За ова патување потребен е валиден биометриски пасош со важност мин. 3 месеци од денот на патувањето
Доколку патникот сака да резервира одредено седиште, при уплатата во агенцијата може да доплати 10 € по лице и да бира седиште - освен првиот ред, кој е резервиран
Патниците се должни за цело време траење на патувањето да внимаваат на својата безбедност и на безбедноста на цела група и да ги почитуваат правилата и препораките дадени од страна на водичот.
Во случај на недоволен број на патници/промена на работни саати на локалот којшто е предвиден да се посетува организаторот смее да направи промена или отказ на факултативите на лице место
За овој аранжман важат општите услови на патување на СКТМ и ТУРИСТ